Агенција за храна и ветеринарство

# Информации поврзани со храната











11.09.2015 година

Skopje

# Национална правна рамка

- **Закон за безбедност на храната (Сл. Весник на РМ бр. 157/10, 53/11,1/12 и 72/15 или 123/15 пречистен текст)**
- **Правилник за информации поврзани со храната (Сл. Весник на РМ бр.150/15)**
- Правилниците за посебните барања на одделни видови на прехранбени производи
- Правилниците за квалитет на одделни видови прехранбени производи...

# Европска правна рамка

- **Регулатива 1169/2011-** .....13 декември 2014, некои одредби декември 2016 година,

# Временска рамка на прилагодување

- Законот е донесен и објавен на 5 мај 2015
- Одредбите од Законот стапуваат на сила од 13 ноември 2015 година
- Период за прилагодување - 6 месеци
- Правилникот стапи на сила 3 септември 2015 година

# Определба на новата законска рамка – информирање на потрошувачот

- Поставување на строги правила во давањето информации за производите .

- Потрошувачот да добие правилна информација за производот за да може да направи соодветен избор при купувањето.

- Креирање на еднакви услови на конкуренција за прехранбената индустрија.

# Цели на Законот за безбедност на храната

- ✓ Заштита на здравјето на луѓето од опасности поврзани со храната;
- ✓ Заштита на потрошувачите од заблуда;
- ✓ Обезбедување слободна трговија и фер конкуренција на домашниот и меѓународните пазари.

# Измени и дополнување на Законот

- Во делот на информации поврзани со храната има нови обврски за операторите со храна
- Одговорноста за информациите поврзани со храната е на операторот со храна кој ја произведува, или пакува или увезува храната, или тој што ја става во промет храната и под чие име или деловно име храната се става на пазарот во Република Македонија.

# Информации кои се поврзани со храната

- Задолжителни информации за храната,
- дополнителни задолжителни информации за храната поврзани со особеностите на посебни видови или категории на прехранбени производи и
- доброволни информации  за храната, дополнителни облици на изразување и претставување на храната.

# Задолжителни информации за храната

- а) име на храната;
- б) список на состојките;
- в) секоја состојка или помошно технолошко средство кои предизвикуваат алергии или нетолерантности кои се употребуваат во производството или подготовката на храната и сè уште се присутни во крајниот производ, дури и во изменета форма;
- г) количество на одредени состојки или категории на состојки;
- д) нето-количината на храната;
- ѓ) рок на трајност или датумот за „употребливо до":
- е) посебни услови за чување и/или услови за употреба;
- ж) име или деловно име и адреса на операторот со храна;
- з) земја на потекло или место на потекло;
- ѕ) упатство за употреба кога е потребно за правилно да се употреби храната;
- и) кај пијалаците кои содржат повеќе од 1,2 % алкохол по волумен, се означува реалната јачина на алкохолот по волуменски проценти и
- ј) информација за хранливата вредност на храната.

# Информации


ORANGE Smoothie
Име на производот
Доброволна информација
Нутритивна табела
Состав
Производител
Здравствено тврдење за витамин C
Нето количина
Рок на трајност

# Задолжителни информации за храната

- Задолжителните информации за храната треба да се достапни и лесно читливи, за сите прехранбени производи.
- Во случај на претходно спакувана храна или храна во оригинално пакување, задолжителните информации треба да се наоѓаат директно на опаковката.

Агенција за храна и ветеринарство

# Дополнителни задолжителни информации за храната

- Дополнителни задолжителни информации се со цел на потрошувачот да му се обезбедат информации во однос на посебните видови или категории на прехранбени производи.

# Доброволни информации за храната

- *Нутритивни тврдења*
- *Здравствени тврдења*
- *Производот е погоден за вегетаријанци*
- *Органски производ*

# Значајни новини

- Означувањето на алергените состојки во составот на производите со нивно потенцирање (користење на друга боја или потемна боја или здебелени букви или коси букви) за лесно да се забележуваат од страна на потрошувачите.

# Значајни новини

- Преставувањето на задолжителните информации на означувањето на прехранбените производи кои се наоѓаат на пакувањето или се прикачени на производот треба да се печатат на начин кој ќе обезбеди јасна читливост, со користење на мали букви  со големина еднаква или  поголема од 1,2 mm.

# Значајни новини

- Во водното поле задолжително треба да стојат :
- името на храната;
- алергените состојки
- нето- количината на храната;
- датумот на минимална трајност или датумот за „употребливо до“.

# Значајни новини

- Нутритивна табела

Со строг редослед на нутритивните информации

1) енергетска вредност; и

2) количините на масти, заситени масти, јаглехидрати, шеќери, протеини и сол.

# ВИЗИЈА

Потрошувачите правилно да бидат информирани за карактеристиките на прехранбените производи и полесно да дојдат до потребните информации, преку поттикнување на индустријата да усвои сеопфатна и транспарентна пракса на информирање, рекламирање и презентирање на храната.

ДИСКУСИЈА

Ви благодарам на вниманието !